ISSN: 1857-6710

Бр. 78 Цена: 50 ден. февруари 2016

# ШТИТ

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## НОВИ СИЛИ

АРМ

### ЗАПОЧНА ОБУКАТА НА НОВОПРИМЕНЕТИТЕ ПРОФЕСИОНАЛНИ ВОЈНИЦИ



# РЕНЏЕРСКИ ИГРИ







На терените во касарната „Илинден“ и на стрелиштето „Стенковец“ припадниците на Ренџерскиот баталјон од составот на Полкот за специјални операции ги реализираа вторите по ред ренџерски игри.

Дисциплини во кои се натпреваруваа екипите беа: ползење и носење на ранет, фрлање на рачна одбранбена бомба, гаѓање со автоматска и снајперска пушка, пиштол, полигон со вооружување, ориентација на непознат терен и полигон на издржливост.

За време на игрите, помеѓу претставниците на четите од составот на Ренџерскиот баталјон преовладуваше спортскиот и натпреварувачки дух.

На крајот од игрите беше прогласена најдобрата единица и најдобриот учесник.

Интересот за овие втори по ред ренџерски игри беше голем, а тенденција е да се прошират на ниво на Полкот за специјални операции.

# Содржина:




Страница **29** **ТРАНСПАРЕНТНО И ОТЧЕТНО**
БРИФИНГ НА НАЧАЛНИКОТ НА ГШ ПРЕД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ВРХОВЕН КОМАНДАНТ НА АРМ

Страница **7** **ВЕРТИКАЛАТА НА БАЛКАНСКИТЕ ЅИДОВИ**
ДЕБАТА ЗА ВОЕНИТЕ РЕЛАЦИИ ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА И РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Страница **24** **ФОРЕНЗИКА**
ФОРЕНЗИЧКО ИСПИТУВАЊЕ НА ТРАГИ ОД ОРУЖЈЕ

Страница **38** **АЗЕРБЕЈЏАН**
ВЕРСКИ ПЛУРАЛИЗАМ И ПРЕДИЗВИЦИТЕ ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ИДЕНТИТЕТОТ

Страница **42** **ХАОПЛЕКСНО ВОЈУВАЊЕ**
КОМБИНАЦИЈА НА ХАОСОТ И КОМПЛЕКСНОСТА НА МОДЕРНАТА ВОЈНА

Страница **44** **ПОТРЕБА ОД МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**
АСИМЕТРИЧНИ ЗАКАНИ, НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ, ДРОГА, КОРУПЦИЈА...

Страница **49** **АКАДЕМИК-ГЕНЕРАЛ МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ – II**
МАКЕДОНСКИ КОМАНДАНТИ И ВОЈСКОВОДЦИ

Страница **52** **НАПАДИ СО ЛАЖИРАЊЕ**
ВИДОВИ ХАКЕРСКИ НАПАДИ





Страница 10





Страница 16





Страница 30



**ШТИТ - Година VIII, број 78, февруари, 2016 година, излегува еднаш месечно**
**ИЗДАВАЧ - МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ**
д-р Зоран Јолевски (претседател)
Генерал-потполковник Методија Величковски, полковник Љубе Дукоски, полковник Петре Велковски, потполковник Тони Јаневски, полковник Мери Ринџова, Билјана Иванова, д-р Жанет Ристоска

**ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК**
д-р Жанет Ристоска

**РЕДАКЦИЈА**
Билјана Иванова (технички, ликовно-графички уредник),
Димче Исаиловски, академски сликар (корица),
Митко Василевски (новинар), Кристина Илиевска (новинар),
Ксенија Митева (лектор); Александар Атанасов (фотографии)

**ПЕЧАТИ: „БРАНКО ГАПО“ ДООЕЛ СКОПЈЕ**

**АДРЕСА НА РЕДАКЦИЈАТА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА - СПИСАНИЕ „ШТИТ“
ул. „Орце Николов“ 116, 1000 Скопје
Телефони: 02 3128 276
www.morm.gov.mk; E-mail: stit@morm.gov.mk

ЦЕНАТА НА ЕДЕН ПРИМЕРОК Е 50 ДЕНАРИ
ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА 600 ДЕНАРИ

жиро с-ка 05001001 1678720
(повикување на број: 725939-10)
даночен број: 4030990271748
ТС 100000000063095


ШТИТ

## ПРИЗНАНИЈА, ПОФАЛБИ, БЛАГОДАРНИЦИ...

Армијата на Република Македонија и во изминатата 2015 г. ги оправда рејтингот и довербата што ги има кај народот и институциите на Р. Македонија. Сите планирани задачи, зацртани проекти и предизвици со кои се справуваше во текот на изминатите дванаесет месеци од 2015 г. беа успешно завршени и сработени. А, признанија, пофалби и благодарници добија и од највисокиот државен врв и од граѓаните на Република Македонија на кои им беше помогнато.

Претседателот на Република Македонија и врховен командант на АРМ, д-р Ѓорге Иванов, во придружба на министерот за одбрана на Р. Македонија Зоран Јолевски и началникот на ГШ на АРМ, генерал-потполковник Методија Величковски, на почетокот на 2016 г. ги посети припадниците на АРМ ангажирани на јужната граница. Тој, притоа, искрено им се заблагодари на припадниците за нивниот денонoќен ангажман за да се регулира протокот на мигрантите на нашата јужна граница и да се овозможи нивна регистрација и згрижување при влезот во нашата држава.

На почетокот на оваа 2016 г., началникот на ГШ на АРМ, генерал-потполковник Методија Величковски, одржа брифинг за сработеното и за постигнувањата на припадниците на Армијата пред претседателот на Република Македонија и врховен командант на вооружените сили, д-р Ѓорге Иванов. И во оваа прилика претседателот Иванов повторно им оддаде признанија на припадниците на Армијата на Република Македонија за нивната несебична посветеност при извршувањето на мисијата и задачите, не заборавајќи да потсети дека АРМ е институција која има најголема доверба во општеството. Претседателот Иванов повторно ја истакна улогата на АРМ во справувањето со мигрантската криза, но укажа и на потребата за донесување нова стратегија на одбраната која ќе претставува основа за изработка на Планот за одбрана, со цел ефикасно справување со модерните безбедносни закани, за што не се сомневаме дека ќе биде успешно сработено во наредниот период.

Жителите на селото Шипковица, со посебна Благодарница им оддадоа признание и им се заблагодарија на припадниците на АРМ, кои несебично им помогнаа да се справат со последиците од катастрофалната поплава и поројни дождови кои го погодија нивниот регион.

Многу е значајно што признанијата и пофалбите за АРМ доаѓаат и од највисоките државни инстанци и од обичниот човек на кој му треба помош и поддршка.

Сигурни сме дека и во наредната година, како и досега, сите планирани задачи и доверени мисии ќе бидат успешно завршени и дека ќе следуваат уште многу благодарници, признанија и пофалби за нашата армија.

*д-р Жанет Ристоска*




# ПОТРЕБА ОД МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## АСИМЕТРИЧНИ ЗАКАНИ, НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ, ДРОГА, КОРУПЦИЈА...

Организираниот криминал и неговите нови форми, неговиот сѐ поинтензивен интернационален карактер, непостоење на единствени дефиниции и меѓународни правни акти се услови за негов непречен развој. Водачите и организаторите на криминалот лесно и брзо воспоставуваат и практикуваат меѓусебна соработка, со цел остварување на поголем профит и моќ. За нив соработката не преставува проблем и истата се одвина на сите нивоа.

Справувањето со криминал особено со транснационалниот организиран криминал е речиси незамисливо без меѓународна соработка во секој сегмент од постапувањето, без разлика дали тоа се однесува на расветлување на кривичното дело, идентификација на неговиот сторител, негово лишување од слобода, отстапување на кривично гонење, издржување на затворска казна, заплена и конфискација на предмети и имот кои потекнуваат од кривично дело, пружање правна помош, екстрадиција итн. Во контекст на ваквите состојби во ова излагање в неколку продолженија ќе ја анализираме соработката меѓу институциите и инструментите кои им стојат на располагање на кривично правните органи во справувањето со криминалот, а преку анализа на одговорите од спроведено истражување ќе се осврнеме и на тоа дали и како соработката влијае на справувањето со криминалот.

**Криминалитет**

Криминалот претставува негативна појава која го следи општеството од самиот негов развој. Со развојот на општеството се развива и криминалот менувајќи ги соодветно на условите и неговите форми, видови и начин на дејствување. Како негативна појава влијае подеднакво на сите сфери од секојдневното живеење пред се врз економијата и безбедноста. Неговата организираност и нови форми на здружување на неговите извршители го прави особено опасен за државите и нивните правни системи. Појавата на ропството, пиратството и шверцот со опиум се сметаат за први форми на организираниот криминал особено ако притоа се има во предвид фактот дека во сите овие форми активно била вклучена и државата пред се од политички, економски или финансиски причини или интереси. Во втората половина на XX век криминалитетот се карактеризира со голем пораст во сите негови појавни форми, приспособливост на неговите форми кон постоечките општествени услови и промени, користењето на бруталност и насилство, зголеменото учество на повратниците и неговата интернационализација. Ова во основа би значело дека примената на превентивните активности и постоечкиот систем на кривично правна репресија не ги даваат очекуваните резултати што ја предизвикува потребата од нивно приспособување кон новите состојби на криминалот. Ваквите состојби со криминалот ја предизвикуваат потребата од соработка како еден од условите за успешно спротивставување на оваа појава. Транснационалноста на криминалот како појава ја налага потребата од интензивирање и на меѓународната соработка на кривично правните органи.



Соработката како поим е присутен во секојдневното живеење, а нејзината употреба е во сите сфери на општественото живеење. Тој се употребува на сите нивоа и за него зборуваат политичарите, правниците, економистите, бизнисмените, научните работници и обичните луѓе. Својата актуелност соработката ја потврдува со нејзина употреба на одржани бројни самити, заседанија, конференции и семинари од кои се донесени многу конвенции, резолуции и препораки за негово практикување. Состојбите со транснационалниот криминал особено организираниот на глобално ниво, ја наметнале потребата од формирање на нови институции и воведување на нови инструменти кои заедно со соработката треба да ја имаат клучната улога во справување со криминалот.

**Асиметрични закани**

Живееме во светот на XXI век, свет во кој сѐ уште има закани и конфликти од меѓународен карактер, во кој земјите и луѓето се сѐ уште меѓусебно различни и поделени, услови кои во основа го овозможуваат и го помагаат развојот на кримина-

лот особено транснационалниот. Развојот на криминалот особено организираниот, а со нив и тероризмот како најсурова форма своите корени ги влечат уште со појавата на организираните држави. Тој се посочува како причина број еден за безбедносни состојби кои во многу земји се нарушени. Цел на неговите напади се развиените држави кои настојуваат воспоставување на демократијата, поради што и се сметаат за непријатели на човештвото. Современа опрема и оружје, користена од големиот број на терористички групи и извршени терористички акти, брзите и ненадејни напади секаде и во секое време се една карактеристиките на современиот тероризам. Од овие причини тероризмот се смета за ор-



ганизирана криминална активност, бидејќи ретки се терористичките акти на индивидуалци кои делуваат без вклучување на други лица - поттикнувачи, соизвршители, помагачи, даватели на наредби итн.

Денес, извршителите на терористичките акти се од сите возрасти, припадници на различни раси, вери и култури, кои делуваат брзо, итро и кои длабоко веруваат во исполнување на својата кауза, делувајќи најчесто како група иако познати се и случаи кога делуваат поединечно или во парови. Справувањето со тероризмот како најголема закана бара здружување на напорите за заеднички пристап, поради што одредени држави упатуваат на тоа дека успехот е можен само со единствен и усогласен меѓународен настап на кривично правните органи.

**Недозволена трговија со дрога**

Овој вид на криминал своите недозволените активности ги темели на злоупотребата на наркотиците, односно нивното недозволено производство, промет, дистрибуција и користење. Секојдневната употреба на овие средства е во последната деценија е во пораст како во развиените така и во неразвиените земји поради што светскиот пазар постојано се шири. Главните правци на снабдување и дистрибуција водат од исток кон развиените западно европски земји и од јужна и средна Америка кон САД, Канада и Европа. Недозволената трговија со дрога е еден од најпрофитабилните бизниси според остварените финансиски ефекти поради што се смета дека трговијата со дрога е „втора индустрија во светот“. Мерките и активностите кои ги предвидуваат и преземаат државите над оваа појава како од превентивен така и од репресивен карактер речиси и да немаат никакво влијание. Најновите техничко-технолошки иновации, лесниот и брз транспорт и патување овозможуваат нејзин постојан пораст. Од друга страна пак имајќи ги предвид последиците кои ги предизвикува во здравството, економијата, финансиите итн., употребата на наркотиците се смета за најраширена и најопасна социопатолошка појава.

**Недозволена трговија со луѓе и мигранти**

Отворените граници и развојот на современите средства за комуникација (превозни, информатички, комуникациски) имаат свој придонес во развојот на трговијата со луѓе. Последните случувања во светот, војните кои се водат, разликите во економскиот статус на државите, се одлични предуслови за на овој вид криминал. Големиот и брз профит кој се остварува со трговијата со луѓе и мигранти овозможува одржување на овој профитабилен бизнис насекаде во државите зафатени со војна. Од тука во последно време особено актуелна станува и недозволената трговија со човечки органи. Трговијата со луѓе и мигранти особено со жени и деца станува се поголем и посери-



озен проблем за меѓународната заедница. Вклучувањето на продавачи, транспортери и купувачи како активни учесници упатува на фактот дека станува збор за добро организирана криминална активност која има врски и конекции насекаде. Како еден од најзастапените, трговијата со жени е и најраширен облик и најпрофитебилен бизнис. Жртвите вообичаено се регрутираат во источноевропските земји и понатаму се транспортираат во западните развиени земји каде во робовладетелски услови се чуваат и експлоатираат. Сексуалната експлоатација, присилната проституција, експлотација на трудот, присилната индустриска или земјоделска работа, тешките физички и слабо платени работи, се дел од формите за кој се користат жените и децата. Недозволените активности често пати се одвиваат преку легални фирми (агенции за вработување, патнички агенции, агенции за посредување). Трговијата со деца за сексуална експлоатација, вршење на кражби, просјачење, трговија со дроги се појава која се помасовно се шири. Масовното користење на интернетот исто така негативно се одрази особено на порнографијата за која често пати се користат децата. Посвојувањето на децата за организираните криминални групи претставува уште една можност за злоупотреба и остварување на профит. Масовната појава на преселби од една во друга земја се последица на економските, идеолошките, политичките и други фактори кои помогнати од процесот на глобализација и брзиот економски развој го помагаат и забрзуваат овој процес. Сè поголемото учество на стари лица во вкупниот број на население и нискиот природен прираст на населението во некои западни земји од една и големиот природен прираст во другите делови на светот од друга страна се фактори кои го засилуваат овој процес север-југ и исток-запад.

**Корупција**

Според некои извори, корупцијата се појавила пред околу 4 илјади години. Денес се смета дека не постои држава во која таа не е позната и не е застапена. Нејзинот влијание според експертите во државите се разликува само според степенот на нејзината застапеност во институциите на истите. Корупцијата најчесто во својата основа ги содржи делата давање и примање поткуп и злоупотреба на службена должност и овластувања за остварување на лична корист. Како закана и негативна појава корупцијата е присутна кај сите познати форми на организиран криминал. Се поткупуваат сите кои можат да имаат влијание во остварувањето на посакуваната цел: политичари, директор, вршители на функции, адвокати, полициски службеници, судии, обвинители, и други лица. Не ретко се користи и за обезбедување соодветна заштита од нивно гонење или прикривање на криминалните активности.

*д-р Сашо М. Стојановски*
*д-р Методија Дојчиновски*
*м-р Биљана М. Стефановска*